# „Верата е советување“

Ебу Рукаја, Темим бин Евс ед-Дари, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Верата е советување“ Прашавме: „За кого?“, а тој одговори: „За Аллах, за Неговата Книга, за Неговиот пратеник, за водачите на муслиманите како и за сите останати муслимани.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека верата се темели на искреност и вистинољубивост, за да се извршува онака како што Аллах ја наредил – целосно, без занемарување и без измама. Му било речено на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем: „Кон кого треба да биде насихатот (искрениот совет)?“, на што тој одговорил: Прво: искреност кон Аллах, субханеху ве теала, искрено извршувајќи ги наредбите, не придружувајќи Му друго божество, да веруваме во Неговото господарство, божественост и Неговите имиња и својства, да ја сметаме Неговата наредба за возвишена, и да повикуваме во верувањето во Него. Второ: советување за Аллаховата Книга-Куранот: така што ќе веруваме дека е Аллахов говор и Неговата последна Книга, дека тој ги дерогира сите дотогашни верозакони, да го величаме, исправно да го учиме, да работиме според неговите прописи, да веруваме во помалку јасните ајети, да го браниме од оние што го искривуваат неговото значење, да земаме поука од неговите пораки, да ги шириме неговите знаења и да повикуваме кон него. Трето: советување за Неговиот пратеник Мухамед, салаллаху алејхи ве селем: така што ќе веруваме дека тој е последниот Пратеник, да веруваме во тоа за кое нè известил, да постапуваме според неговите наредби и да ги избегнуваме неговите забрани, да не го обожуваме Аллах освен на оној начин како што тој ни кажал, да го почитуваме него како и правото кое го има кај нас, да го шириме неговиот повик, неговиот верозакон, и да го одбраниме од разните клевети упатени кон него. Четврто: советување кон водачите на муслиманите: помагајќи ги во доброто, и да не им се спротивставуваме, да им бидеме послушни и покорни во сето она што претставува покорност кон Аллах. Петто: совет и искреност кон муслиманите, со убаво однесување кон нив и повикување да прават добрини, да не им нанесуваме штета, да им посакуваме добро, да се помагаме во добродетелство и во богобојазливост.